*ОПШТИНА КАРПОШ*
*СЕКТОР ЗА РАЗВОЈ*

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Број:
Датум:
Скопје

Врз основа на Член 22 став 1 точка 3 од Законот за локалнатa самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со Програма наменета за мотивирање на младите и младите претприемачи (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.18/2017, 4/2018 и 9/2018), Општина Карпош објавува:

**ЈАВЕН ПОВИК**
**за прибирање на барања за користење средства од Буџетот на Општина Карпош, програма наменета за мотивирање на младите и младите претприемачи**

Распределбата на средствата од Буџетот на Општина Карпош, Сектор за развој, наменети за финансирање на програмски активности на здруженијата и фондациите ќе се врши врз основа на критериумите и приоритетите дадени во овој повик.

Средствата од Буџетот на Општина Карпош ќе се користат за финансирање на програмскиoт дел на Секторот за развој, преку реализација на активности на здруженија и фондации.

Здруженијата треба да понудат креативен и иновативен проект со осмислени активности  и содржини што можат да се имплементираат во Општина Карпош во приоритетната област за Секторот за развој: млади и млади претприемачи.

**Предвидени средства**

За финансирање на понудените програмски активности во согласност со овој повик, ќе се користат средства од Буџетот на Општина Карпош во висина од 90.000,00 денари.

**Доставување извештај**

Здружението на граѓани на кое ќе му бидат доделени средства во согласност со Програмата, по завршувањето на своите програмски активности ќе достави извештај за користење на средствата до Секторот за развој на Општина Карпош.

**Основни критериуми**

Основни критериуми што треба да ги исполнуваат здруженијата и фондациите кои ќе учествуваат на овој повик се:

- Да се регистрирани според Законот за Здруженија и фондации
- Да се занимаваат со активности и проекти од јавен интерес посебно

со млади и млади претприемачи

**Потребна документација што здружението треба да ја достави со Предлог проектот**

Здруженијата на граѓани кои учествуваат на огласот треба да достават:

1. Предлог проект
2. Предлог за финансиска поддршка во соодветен формат
3. Статут и решение за регистрација на здружението или фондацијата
4. Извештај за работа за предходната година
5. Референтна листа за изработени проекти (искуство на национално и меѓународно ниво ќе се смета за предност)

Напомена: пријавите со непотполна документација или пријавите доставени по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат.

**Рок и начин на доставување на пријавите**

Рокот за поднесување на пријавите е 7 дена од денот на објавување на јавниот повик.

Пријавата со целокупната документација да се достави преку пошта или на адреса: ул. Радика бр.9 (барака 2-архива) од 07:30 до 15:30 часот.

Здружениијата на граѓани, кои се учесници на јавниот повик, ќе бидат известени за резултатите по објавувањето на одлуката за распределба на средствата во “Службен Гласник на Општина Карпош”.

Контакт лице: Маја Филипчева 071/350 388